# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 3 Мај 2006 година<br>Службен гласник број 4<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА И ФОРМИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП И ГРАДОТ РАДОМ - РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

1. Одлуката за покренување на иницијатива и формирање на Иницијативен одбор за збратимување на Општина Прилеп и градот Радом - Република Полска, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/2 — ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15, а во врска со член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47, а во врска со член жж став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003) , Советот на Општина Прилеп на седаницата, одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за покренување иницијатива и формирање на Иницијативен одбор за збратимување на Општина Прилеп со градот Радом - Република Полска

Член 1
Со оваа Одлука се покренува иницијатива за збратимување на Општина Прилеп со град Радом во Република Полска.

Член 2
За спроведување на активностите за збратимување се формира Иницијативен одбор во состав:
- Марјан Ристески, Градоначалник;
- Оливер Деркоски, претседател на Советот;
- Дарко Крстески, член на Советот.

Член 3
Задача на Иницијативниот одбор е да стапи во контакт со Амбасадата на Република Полска во Република Македонија, Министерството за надворешни работи на РМ и Министерството за Локална самоуправа со цел да се согледаат можностите и да се превземат потребните активности за збратимување на Општина Прилеп со градот Радом - Република Полска со цел унапредување на економските, културните, спортските и други односи помеѓу граѓаните на двете републики.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 877/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Извештајот за работа на ЈКП "Водовод и канализација", за периодот од 01.01. до 31.12.2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -_887/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Извештајот за работа на ЈКП "Водовод и канализација" за периодот од 01.01 до 31.12. 2005 година

1. Се усвојува Извештајот за работа на ЈКП "Водовод и канализација" за периодот од 01.01 до 31.12. 2005 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 877/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ЈОУ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 98 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 98/2000, 17/2003 и 65/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп

1. Се дава согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, број 01 - 205/1 од 23.02.2006 година.
2.Решението да се достави до Градоначалникот, ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3.Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 877/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕНА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2006 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2006 година во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.51/), и член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 ТОчКА 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен .весник на РМ"бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за дополнување на Програмата за урбанистички плановиза 2006 година за Општина Прилеп

Член 1
Во Програмата за урбанистички планови за 2006 година за Општина Прилеп по точка 26 во делот Б. Детални урбанистички планови се додава точка: 27, која гласи:

"27. Измена и дополнување на ДУП за УАЕ број 16-дел, со опфат на улиците: "Мечкин Камен" , "Истарска" "Радовишка" и 3-ти Ноември"."

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 877/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕНАЦРТ НА ДУП ЗА УАЕ 10, УРБАН БЛОК 10УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за утврдување Нацрт на ДУП за УАЕ 10, урбан блок 10 урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.10 -урбан блок 10 урбан модул 1

Член 1
Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план _за УАЕ бр.10- урбан блок 10 урбан модул 1,_како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот:од западна страна ул."Борис Кидриќ",

од североисточна страна ул."Крсте Петков Мисирков", од југоисточната страна ул."Крушевска".

Член 2
Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-ДУП за УАЕ бр.10-урбан блок 10,модул 1 - Нацрт План кој содржи:
-Проектна програма;
-Планиран развој;
-текстуален дел за планираниот развој;
-табеларен биланс на максимални површини за градба;
-параметри за уредување на просторот;
-графички прилог-Нацрт План:
*синтезен графички приказ на планските решенија-планиран развој;
*синтезен графички приказ на плански решенија-сообраќај и инфра структура-планиран развој;
-Документациона основа;
-анализа на постојна состојба;
-табеларен биланс;
-извод од ГУП;
-ажурирана геодетска подлога;
-инвентаризација на постоен градежен фонд;
-Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот бр.Ноември/2005 изработена од „Ин-Пума„ Скопје.
-Одговор на извештајот од стручната ревизија бр.04/04 од ноември 2005г. изработена од „Урбанизам„ ДОО - Битола.

-Стручно мислење бр.13-17137 од 14.12.2005г;-МТВ-Сектор за уредување на просторот;

-Стручно мислење бр.18-3672 од 17.02.2006г;-МТВ-Сектор за уредување на просторот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 877/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 година на Советот на општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕНА ДУП ЗА УАЕ 7, УРБАН БЛОК 7 УРБАН МОДУЛ 1**

1. Одлуката за донесување на ДУП за УАЕ 7, урбан блок 7 урбан модул 1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.7,урбан блок 7, урбан модул 1 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.7,урбан блок 7, модул 1 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот:ул."Кузман Јосифоски",ул."Оцка Михајлоски", ул."Круме Јаскоски" и ул."Ленин", во површина од 1,36 ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп бр.08-1554/5 од 25.11.2004 г.("Сл.весник на РМ" бр.10/2004).

-Предлог План бр.15/04 од ДОО "Урбанизам" Битола.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од "Ин-Пума"Скопје бр.23/2005.

-Одговор на стручната ревизија од ДОО"Урбанизам"Битола од Март 2005г.;

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-3044 од 12.04.2005г.

-Записник за утврдување на Нацрт планот бр.24-156/9 од 17.05.2005г; и Записник бр.24-156/10 од 18.05.2005г;

-Заклучок со кој Нацрт планот се доставува до Градоначалникот, бр.24-156/11 од 18.05.2005г;

-Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт Планот, бр.08-746/1 од 19.05.2005г.

-Соопштение за јавна анкета бр.24-156/12 од 19.05.2005г.,објавено во печатен медиум "Дневник" на ден 26.05.2005г;

-Извештај од спроведена јавна анкета по Нацрт Планот бр.09-121/1 одс 30.01.2006г;

-Известување за постапување по извештајот бр.09-214/3 од 15.02.2006г;

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.18-5936 од 04.04.2006г.

-Комплетен примерок од Предлог Планот бр.15/04 изработен од ДОО"Урбанизам"Битола, кој содржи:

**Проектна програма**
**Предлог План-**текстуален дел
**Општ дел**

-Регистрација на проектанската организација;

-Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

-Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**

1.Планиран развој

2.Табеларен биланс на површини за градба.

3.Параметри за уредување на просторот

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен графички приказ

-Сообраќај и инфратруктураМ=1:1000

**Документациона основа**

1.Анализа на постојна состојба

-Табеларен биланс на постојни површини

**Графички дел-документациона основа**

1.Извод од ГУП М=1:5000

2Извод од ДУП М=1:1000

3.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

4.Инвентаризација на постоен градежен фонд М=1:1000

Чл.

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 877/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката начинот за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за начинот на користење на јавните пешачки површини на подрачјето на Општина Прилеп

**1. Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат општите услови и начинот на користење на јавните пешачки површини на подрачјето на Општина Прилеп (во натамошниот текст <Општина) од страна на физички и правни лица, видовите намени за користење и инспекцискиот надзор.

**Член 2**

Под јавни пешачки површини се подразбираат плоштади, тротоари, пешачки улици како и други јавни површини наменети за пешачко движење.

**1. Видови намени**

**Член 3**

Јавните пешачки површини на подрачјето на Општината можат да се користат за:

1.Вршење дејност пред деловните простории;

2. Вршење трговска дејност од мал обем на јавни површини;

3. Истакнување реклами, објави И огласи;
4. Поставување на витрини за изложување стоки надвор од деловните простоии;
5. Изложување предмети, приредување изложби и забавни приредби;
6. Поставување времени објекти.

**3. Вршење дејност пред деловните простории**

**Член 4**

Под вршење дејност пред деловните простории се подразбира поставување урбана опрема на јавни пешачки површини заради вршење на угостителска дејност.

Поставувањето урбана опрема се врши согласно критериумите и нормативите утврдени со Одлука на Советот на Општина Прилеп.

**Член 5**

За поставување урбана опрема Општината изработува Елаборат за поставување урбана опрема која се доставува до соодветната службан а Општина Прилеп заради давање согласност.

Доколку службата не се произнесе во определениот рок, (до 20 дена),ќе се смета дека согласноста е издадена.

**Член 6**

Одобрението за поставување урбана опрема за вршење дејност пред деловните простории го донесува Градоначалникот на Општината врз основа на барање на заинтересирани правни и физички лица, а во согласност со елаборатот од член 5 на оваа Одлука.

Барањето од став 1 на овај член содржи:

- Име односно назив И адреса на барателот;
- Извод од регистрацијата на дејноста;
- Опис на услугите што ќе се вршат и времетраењето на користењето;
- -Графички прилог со опис на постојната состојба на јавна пешачка површина и идејно Решение за поставување на урбана опрема во размер 1:50.
-

**Член 7**

За поставување урбана опрема се плаќа комунална такса според Одлуката за висината на комуналните такси во Општина Прилеп.

**Член 8**

Одобрението за поставување урбана опрема содржи:

-Име односно назив и адреса на барателот;

- Означување на просторот што се дава на корисникот;
- Времетраењето на правото на користење;
- Видот на услугите кои можат да се даваат;
- Висината на комуналната такса;
- Ситуација со опис на идејното решение на просторот во размер 1:50.

Одобрението за поставување урбана опрема се издава сезонски, со рок од три до една година.

**4. Вршење трговска дејност од мал обем на јавни површини**

**Член 9**

За вршење трговска дејност од мал обем на јавни површини се определува место-локација на јавна површина каде што можат да се вршат следните дејности:

-Продажба на сувенири, уметнички слики и предмети;

-Продажба на костени, конефекционирана сладолед;

-Продажба на новогодишни украси, честитки и слични предмети;

-Чистење на обувки.

**Член 10**

Локацијата за вршење на дејност од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 6 м2, а се определува согласно критериумите и нормативите утврдени со одлука на Советот на Општина Прилеп.

За доделената локација се плаќа паричен надоместок во висина на таксата за користење плоштади и друг процтор за изложување предмети, приредување изложби и забавни приредби.

**Член 11**

Одобрението за определување на локации за вршење трговска дејност од мал обем го донесува Градоначалникот на Општината врз основа на Одлука на Советот на Општината со која се утрдуваат локациите на кои може да се врши трговска дејност од мал обем како и начинот за нивно користење.

Рок на Одобрението од став 1 на овај член е една година.

**5. Истакнување реклами, објави и огласи**

**Член 12**

При истакнување реклами, објави и огласи се подразбира испишување, прикачување, цртање (сликање) или друк начин истакнување на реклами, огласи, плакети и други соопштенија со кои се означува дека одредено физичко или

правно лице враши извесна дејност или занимање.

Истакнувањето реклами, објави и огласи може да се врши на посебно за таква намена поставени табли, паноа, витрини, столбови и други специјални направи, како и на фасадите на станбени и деловни објекти на начин и во постапка определени со одлука на Советот на Општината.

**Член 13**

Општината Прилеп дава одобрение за истакнување реклами, објави и огласи на јавни површини на подрачјето на Општината, освен за реклами, објави и огласи истакнати на магистрални и собирни улици.

**6. <u>Поставување витрини за иџложување стоки надвор од деловните простории</u>**

**Член 14**

Под поставување витрини за изложување стоки надвор од деловните простории се подразбира поставување витрини на јавни пешачки површини, пред трговски објекти со цел за изложување на стоката.

Складирањето и пакувањето на стоката не може да се врши на јавните пешачки површини, туку исклучиво во трговските објекти.

**Член 15**

Одобрение за поставување витрини за изложување стоки надвор од деловните простории издава градоначалникот на начин предвиден во член 6 на оваа Одлука.

Рокот на Одобрението од став 1 на овај член е една година.

За поставување витрини за исложување стоки надвор од деловните простории се плаќа комунална такса во годишен износ.

**7. <u>Изложување предмети, приредување изложби и забавни приредби</u>**

**Член 16**

За изложување предмети, приредување изложби и забавни приредби одобрение дава градоначалникот.

При издавањето на одобрението, треба особено да се воид сметка за безбедното движење на пешаците, да не се нарушува изгледот и карактерот на околниот градски процтор и да не се создава бучава над дозволените граници или на друг начин да се попречуваат функциите на домување.

За изложување предмети, приредување изложби и забавни приредби се плаќа комунална такса во зависност од времетраењето на изложбата, односно приредбата.

**8. <u>Поставување времени објекти</u>**

**Член 17**

Поставување времени објекти може да се врши на неизградено градежно земјиште дококу се во функција на урбано живеење.

Времени објекти можат да се поставуваат на градежно земјиштен а кое постои право на сопственост или право на закуп согласно Законот за градежно земјиште (<Сл.весник на РМ< бр. 53/01).

Поблиско определување на локациите на кои можат да се поставуваат времени објекти врши Советот на општината во согласност со деталниот урбанистички план.

**9. <u>Инспекциски надзор</u>**

**Член 18**

Инспекциски надзор над користењето на јавните пешачки површини врши Општинскиот инспекторат.

Општинскиот инспекторат врши контрола врши контрола дали корисниците на јавните пешачки површини имаат полоноважно одобрение за користење и дали се придржуваат кон условите наведени во одобрението, како и да презема мерки во случај на попречување на нормалното движење на пешаците, функционирањето на соседните локали, домувањето и сл.

**Член 19**

Кога општинскиот инспектор ќе утврди дека корисникот на јавната пешачка површина нема важечко одобрение, составува записник и издава решение за отстранување на урбаната опрема или привремениот објект со определување на соодветен рок за постапување.

Ако корисникот не постапи според доставеното решение, отстранувањето на урбаната опрема или привремениот објект ќе се изврши присилно.

Трошоците на извршувањето и на евентуалното складирање на опремата паѓаат на товар на нејзиниот корисник.

**Член 20**

Кога општинскиот инспектор ќе утврди дека корисникот на јавната пешачка површина има важечко одобрение, но не се придржува кон предвидените услови, составува записник за констатираните состојби и определува примерен рок за отстранување на неправилностите.

Ако општинскиот инспектор утврди дека корисникот не ги отстранил констатираните неправилности или и понатаму постапува спротивно на условите во издаденото одобрение, доставува предлог до градоначалникот за одземање на одобрението.

**Член 21**

Ако градоначалникот го прифати предлогот на општинскиот инспектор, со

решение ќе го укине издаденото одобрение и ќе го задолжи корисникот да ја отстрани урбаната опрема или привремениот објект со определување на соодветен рок за постапување.

Против решението од став 1 на овој член, корисникот има право на жалба до второстепена комисија, формирана од Градоначалникот.

Постапката по жалба е итна.

**10. Преодни и завршни одредби**

**Член 22**

Досегашните сопственици односно корисници на привремени објекти се должни во рок од една година од влегувањето во сила на оваа одлука да се сообразат со стандардите и нормативите за користење на јавни пешачки површини.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 877/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕОПРЕМА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ - ВРЕМЕН ПАЗАР ВО НАСЕЛБА "МАРИНО МААЛО"**

1. Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги - времен пазар во населба "Марино Маало", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 887/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.05.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 13 и 14 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003 год.) и член 31 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002 год.) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за поставување опрема за комерцијални услуги времен пазар во населбата " Марино маало"

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на поставување и користење на мебел и опрема на изградена инфраструктура,за нормално функционирање на времен пазар.

**Член 2**

Под изградена инфраструктура са подразбира: плоштади, тротоари, пешачки улици и површини јавни пешачки површини).

**Член 3**

При поставување на мебел и опрема на јавни пешачки површини,мора да се обезбедат услови за непречено и безбедно одвивање на пешачкото движење.

**Член 4**

Мебелот и опремата што се користат за давање на комерцијални услуги на јавните пешачки површини не смеат да бидат прицврстени за подлогата за да не се оштетува и заради нивно лесно отстранување.

**Член 5**

Надлежниот орган издава дозвола за комерцијална употреба на јавна пешачка површина.

Дозволата содржи

- назив и седиште на барателот
- времетраењето на важноста на дозволата
- опис на комерцијалната дејност за која се издава дозволата
- детален цртеж во размер 1: 50 со приказ на јавната јавната пешачка површина на која се дозволува вршење на дејноста и на сите елементи,мебел и опрема и начинот на нивното поставување .

**Член 6**

Издадената дозвола гласи на ЈП " Пазари" - Прилеп.

Дозволата не може да се пренесе на друго лице.

**Член 7**

Инспекциски надзор врз спроведување на оваа одлука врши Општинскиот инспекторат.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 -877/10_ ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.04.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

